

# ОБРАЗОВАНИЕТО И ПРЕКАРИЈАТНАТА РАБОТА: СОЦИЈАЛНАТА КОМПОНЕНТА НА УМЕТНОСТА И УМЕТНИКОТ ГЕНИЈ КАКО ОСНОВИ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА УМЕТНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

**ДИСКУРЗИВНО-ЕДУКАТИВНА ПРОГРАМА „СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК“**


**УЧЕСНИЦИ**

Ана Јованоска
Анастасија Пандиловска
Амир Карахасан
Дејан Џолев
Драган Мишев
Елена Чемерска
Марија Конеска
Наташа Неделкова
Немања Трајковиќ
Никола Славевски
Зоран Шеќеров



CAC the contemporary art center

FRIEDRICH EBERT STIFTUNG

FRU ФРУ Faculty for things that can't be learned / Факултет за работи што не се учат

# ОБРАЗОВАНИЕТО И ПРЕКАРИЈАТНАТА РАБОТА: СОЦИЈАЛНАТА КОМПОНЕНТА НА УМЕТНОСТА И УМЕТНИКОТ ГЕНИЈ КАКО ОСНОВИ ЗА ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА УМЕТНОСТА ВО МАКЕДОНИЈА

Дискурзивно-едукативна програма „Совршениот уметник“


**Учесници**

Ана Јованоска

Анастасија Пандиловска

Амир Карахасан,

Дејан Џолев

Драган Мишев

Елена Чемерска

Марија Конеска

Наташа Неделкова

Немања Трајковиќ

Никола Славевски

Зоран Шеќеров

**Copyright © „Friedrich-Ebert-Stiftung“**

*Сите права се задржани*

*Печатените изданија на Фондацијата Фридрих Еберт не смеат да се користат во комерцијални цели без претходно писмено одобрување од страна на фондацијата.*

**Издавач:**
Фондација Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

**За издавачот:**
Милан Живковиќ

**Уредници:**
Елена Димитровска, Ивана Васева

**Дизајн на корица:**
Контура ДОО

**Печати:**
Контура ДОО

**Тираж на изданието:**
100

**Партнери на едукативна програма:**
ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/Скопје, Фондација Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје и Центар за современи уметности – Скопје

**Временски период на одржување на програмата:**
мај – јули 2017

**Период на инкубација:**
јули – август 2017

**Период на презентација:**
септември 2017 (АКТО Фестивал за современи уметности)

**Локации:**
Скопје: Кино Култура, ЛГБТ Центар за поддршка, Мобилна/Монтажна галерија на ЦАЦ и други локации

**Координатори:**

Билјана Тануровска-Ќулавковски

Ивана Драгшиќ

Оливер Мусовиќ

Филип Јовановски

**Фотографии од модулите:**
Зоран Шеќеров

*Искажаните ставови на експертите не мора да соодветствуваат на ставовите на организаторите.*

# „ОД ИЗДАВАЧОТ“

ДФондацијата „Фридрих Еберт“ има своја канцеларија во Република Македонија од 1996та година – тоа значи дека веќе 21 година соработува со партнер-организации од политичкиот спектар, невладиниот сектор, како и социјалните партнери (синдикатите, работодавачите, државните институции). Соработката вклучува пред се’ јакнење на капацитетите на организациите и поединците и , а во последно време и креирање стратегии/ политики и изработка на нови прогресивни концепти за важни сегменти на општеството во Македонија. Главните теми и цели се: промовирањето на демократијата и социјалната правда, економскиот и социјалниот развој, силни и слободни синдикати/застапување на човековите права и родовата еднаквост.

Партнерството со ФРУ (Факултет за работи што не се учат) и Центарот за современи уметности за прв пат ја насочува Фондацијата кон вклучување на уметниците/културните работници и работнички во дискурсот и дискусиите на тема социјална инклузија/правда. Можноста да се соработува не само со ваквите партнер-организации туку и со младите прогресивни уметници како учесници во дискурзивно-едукативната програма „Совршениот уметник“, не’ прават навистина горди за материјализирањето на овој навистина важен чекор во функционирањето на нашата фондација во Република Македонија.

Социјалната правда и инклузија не се теми кои треба да бидат лимитирани само на одреден број или тип на чинители – од огромна важност е процесот на креирање политики/ концепти да биде навистина инклузивен и со што поголем број на придонесувачи. Тој инклузивен процес ги вклучува самите уметници/културни работници/едукаторите, институциите - и тие од „формален“ карактер (државните) и тие од независната сцена, како и чинителите кои не се перцепирале себеси како дел од уметничкиот „пејсаж“: текстилните работнички и работници. Соработката на ФРУ со текстилните работнички и работници е олицетворение на тоа што навистина значи да се биде „Совршен уметник“.

А „Совршениот уметник“ како концепт не може да исчезне - може само да се надградува и подобрува, а подоцна истиот да се примени и во поширока рамка (на регионално или европско ниво). Благодарение на партнерството со ФРУ и Центарот за современи уметности, Фондацијата „Фридрих Еберт“ – канцеларија Скопје доаѓа во контакт со лица кои можат на прекрасен начин да ја збогатат програмата на нашата организација во Република Македонија.

**Милан Живковиќ**
Фондација Фридрих Еберт
-канцеларија Скопје

# ЗА ПУБЛИКАЦИЈАТА

Оваа публикација е преглед на процесот на работа во рамки на првиот семестар од дискурзивно-едукативната програма „Совршениот уметник“, курирана од Ивана Васева која првпат се случува годинава и е дел од биеналната награда за млади визуелни уметници до 35 години „Денес“. Програмата е иницирана како една од програмските целини на организацијата ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/Скопје, а во партнерство со Центарот за современи уметности – Скопје и Фондација Фридрих Еберт –Канцеларија Скопје. Во оваа програма уметниците-учесници имаа можност за теоретско и практично делување преку работа во колектив, дијалог, размена на искуства и дебати, на предавања и работилници со куратори, теоретичари и уметници од земјава и надвор, но и различни профили на актери од општествениот живот кај нас.

Една од темите која се провлече во програмата и на која на повеќе наврати се разговараше е потребата од демистификацијата на специјалниот статус на уметноста и уметникот односно фокусирање на уметничкиот труд, кој воопшто не е признаен како труд и не се зема превид. Денес е анахроно да се размислува за талисман комплексот на уметноста и за уметникот гениј, туку за социјалната компонента на уметноста – продукцијата, дистрибуцијата и рецепцијата или самата контексуализација на уметноста без која не може да се разгледува ниту една практика. бидејќи самата уметност денес има сосема поинаква функција. Крајната цел, пак, преку колективно делување и дијалог да се понудат поинакви можности во едукативниот систем во визуелните уметнички дисциплини.

Публикацијата е и вовед кон АКТО Фестивалот за современи уметности во Битола, кој годинава се одржува на 1 и 2 септември, а учесниците во програмата ќе ги претстават делата кои заедно со своите координатори ги продуцираа изминативе два месеци. Опфатени се хронолошки четирите модули од овој семестар на „Совршениот уметник“, сублимираните разговори, презентации и панел-дискусии со гостите и дел од процесот на работа на самите учесници.

**Елена Димитровска,** уредничка

# „СОВРШЕНИОТ УМЕТНИК“

Дискурзивно – едукативна програма во рамки на наградата „Денес“ за млад визуелен уметник до 35 години

Дискурзивно-едукативната програма „Совршениот уметник“ е кураторски проект од интерактивен карактер која содржи повеќе предавања и работилници наменети за дополнување на критичкото, аналитичко, теориско но и практично знаење и капацитети на младите визуелни уметници во Македонија. Целта на програмата е да се истакне важноста на политичката и општествена димензија на уметноста, но и на самите чинители на уметноста (уметниците, кураторите, историчарите на уметност, критичарите, социолозите и теоретичарите на уметност итн.), како и моќта на самобразованието во расчекор со официјалното образование во земјава кое постои во анахрони облици и неолиберални околности.

Прекаријаните услови - немањето можности за работа на полето на уметноста, фондови за развој и унапредување на уметничките можности и аспирации, но и ретроградната и непосветена едукација се причина за развој на оваа програма. Идејата за политичноста на уметноста или политичката организација на уметниците иако не била посебно актуелна и во минатото сепак во вакви околности, посебно притиснати во една неолиберална рамка, тешко и да заживеат. Оттаму, идејата е преку практично, но и теоретско делување со фокус на дијалог, размена на искуства и дебата да се воспостави општествена инклузија на младите уметници но и нивната непосредна околина и да се понудат можности за зајакнување на едукативниот систем во земјава посебно во визуелната уметничка дисциплина. Темите на кои се разговара во рамки на оваа програма се однесуваат на нивната актуелност во светски рамки и на преиспитувањето на уметничкиот контест во земјава. Програмата тематски се однесува на социјално ангажираните практики и нивната потреба денес (колку кај нас е развиен слухот за ваквите практики и е истенчена границата помеѓу репрезентативноста и ангажираноста на уметноста), балканската уметност (појавата на терминот и кои се реперкусиите денес), комерцијалниот аспект на уметноста (уметничкиот пазар во (не)согласност со желбите на уметниците) и на крај на анализата на сопствената позиција т.е. независната сцена наспроти државните и локалните институции (како да се изгради стабилен систем во нестабилни околности).

Програмата поделена во 4 модули подразбира предавања, работилници, дискусии и јавни настани, а вклучува голем број на локални, регионални и интернационални гости, првенствено се однесува на млади уметници од цела Македонија, но сите јавни настани ги проследува пошироко публика. Таа се одржува на три локации во Скопје: Кино Култура, ЛГБТ Центар, Мобилна/монтажна галерија и во други алтернативни простори. Таа е бесплатна и се одржува на македонски и англиски јазик. Во конципирањето на скелетот на целосната програма беа вклучени **Филип Јовановски**, уметник и уметнички директор на ФРУ – Факултет за работи што не се учат и Милан Живковиќ од Фондација Фридрих Еберт – канцеларија Скопје.

Покрај теорискиот дел, практичниот дел насловен „АКТО Инкубатор“ подразбира работа во групи во една отворена структура и претставува „продукција на дела преку нарачка“ (commission) каде АКТО Фестивалот за современи уметности во Битола ги ангажира сите учесници да продуцираат проекти во рамки на фестивалската програма. Овој практичен дел е изграден во заедничка работа со **Ивана Драгшиќ**, Филип Јовановски, **Оливер Мусовиќ** и **Биљана Тануровска – Ќулавковски**, кои имаат функција на координатори на групите и преку чија фасилитација и мотивација се артикулираат поединечните интереси и се оформуваат во колективност. Програмата, детектирајќи ги локалните проблеми, нуди еден кураторски развоен и процесен модел кој ќе се креира и развива според потребите на учесниците.

## Концепт на програмата

*Today, too, I experienced something*

*I hope to understand in a few days./Денес, исто така, искусив нешто*

*Што се надевам дека ќе го сфатам за неколку дена.*

Јорген Лет „Совршениот човек“ и Јорген Лет и Ларс фон Трир „Пет пречки“

Почетокот на оваа програма се совпаѓа со еден многу несигурен и неизвесен период за македонското општество – неколку месеци држава без влада по една декада од зачмаеност и режиско фукционирање на сите нејзини важни столбови како и своевидна треskавичност пред промената на веќе нефункционалните институции. Но токму пред најбезнадежниот момент во поновата историја, работите неочекувано заземаа поинаков тек и започна да се формира општествениот систем базиран на сосема опозитни идеолошки премиси. Оваа нова клима ја отвори уште пошироко свесноста за пострауматскиот синдром од една сосема анахрона и вештачка културна идентификација која ќе изискува поголем период за совладување. Исто така ја направи фактичка мочурливата атмосфера во институциите, но и даде надеж дека со здружени и засилени снаги можат да се внесат промени секаде, вклучувајќи ја и целата инфраструктура околу визуелната уметничка дисциплина.

Програмата е конципирана во јазот на две различни позиции кои во случајов би ја создале поволната клима за согледувањето на понатамошно надградување и едукација. Бинарната позиција која ја прават Јорген Лет и Ларс Фон Трир околу филмовите „Совршениот човек“ (1967) на Јорген Лет и „Пет пречки“ од Ларс фон Трир и Лет (2003) може да биде соодветна контекстуална предлошка – додека првиот го претставува совршениот човек во ек на едно време кое зборува за идеалот, а со тоа и за идеалот на уметноста од еден дистанциран ракурс, вториот ги поставува замерките за несовременото функционирање на оваа совршеност, постмодеринистички преиспитувајќи ги идеалите и потенцирајќи ја несовршеноста како совршена. Од друга страна, и во контекст на рансиеровскиот учител незнајко кој го воведува неконвенционалниот метод на учење кој не подразбира хиерархиски однос на знаење туку учење заедно и од учениците, оваа симболика на филмовите и практично се потврдува преку преиспитувањето на учителот (Фон Трир му е ученик на Лет) и ги мотивира учесниците на програмата да го согледаат процесот на едукција од друга перспектива. Наместо да ја прифаќаат како неприсконовена вистина вистината на нивните ментори, тие треба постојано да ја преиспитуваат и да ги преизвикуваат нивните идеи. Од трета пак, самиот цитат во воведот алудира и дека знаењето подразбира и постојано себепреиспитување и себенегирање или деперсонализирање во однос со другите, а еден цитат на Фуко може да ни послужи и како пример за ова: „Не говорам за

работи кои ги говорам затоа што тоа е тоа што го мислам, туку ги говорам за да би бил сигурен дека тоа не е веќе она шт го мислам“.

Оваа програма е и една од програмските целини на организацијата ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/ Скопје ползувајќи го и самиот концепт на организацијата која инкорпорира знаења кои се споделуваат, разменуваат и взаемно надоградуваат, а не се студираат или научуваат. Оваа програма произлегува од потребата за едно консолидирано, посветено и артикулирано место за значења од областа на современата визуелна уметност, не како место за експликации кои се неопходни да се научат туку место каде се преиспитуваат и постојано предизвикуваат констелациите на знаењето и моќта кај учесниците. Таа е креирана од основната потреба дека нешто недостасува и дека треба да се вкуси, дека постои интерес за тоа но дека нема можности.

Во ваков еден мисловен контекст се одвиваше програмата вклучувајќи 11 ученици (**Ана Јовановска**, **Амир Карахасан**, **Марија Конеска**, **Драган Мишев**, **Наташа Неделкова**, **Анастасија Пандиловска**, **Николче Славевски**, **Немања Трајковиќ**, **Елена Чемерска**, **Дејан Џолев** и **Зоран Шеќеров**) со различни уметнички дисциплини и искуства (визуелна уметност, фотографија, филм, архитектура), 4 координатори (**Ивана Драгшиќ**, социолог и уметничка, **Филип Јовановски**, уметник и активист, **Оливер Мусовиќ**, уметник и **Биљана Тануровска – Ќулавковски**, менаџерка во култура и кураторка во современи изведувачки уметности) и еден куратор по современа визуелна уметност, а воедно и кураторка на програмата (Ивана Васева). Динамиката на четрите модули се одвиваше во период на два месеци (мај и јуни). Периодот на јули и август е посветен на продукција на делата, а во првите два месеци на септември јавно ќе се презентира сработениот труд на АКТО Фестивалот за современа уметност под името „Поп Ап АКТО АКЦИЈА“.

Оваа програма за прв пат ги предизвика и идеите за колективно работење, за можност за за заедничко помагање и солидаризирање но и сосема ја потенцира потребата за вакви програми кои понатаму би давале систематични и системски идеи за понатамошна надоградба на уметниците. Таа и сосема ја потенцира разликата помеѓу привилегираниот статус на уметникот во минатото и прекаријатната позиција на уметниците денес – тешко сфатлива и сварлива за системот сè уште базиран на поимањето на уметникот како гениј, наместо како уметник/чка кој/а макотрпно работи на својот повик притоа останувајќи невалоризиран и непресметан неговиот/нејзиниот труд.

Оваа програма воспостави континуитет со различните појавности на слични вакви програми во земјава кои воведуваат други идеи и модели за едукација, надополнува еден важен сегмент кој недостасува и дека и ги отвори очите на средината не само за недостатоците туку и за нивно надминување и со поттикнување на нови платформи за средби, доградување на своето знаење и размена на искуства.

**Ивана Васева**, кураторка

# I МОДУЛ
# 13 МАЈ КИНО КУЛТУРА



„Тенка линија помеѓу животот и уметноста (... Проектирај ја својата иднина)“ се однесува на развојот, подемот и важноста на социјално ангажираната уметност во интернационални рамки (како еден широк и обединувачки термин кој се однесува на повеќе различни практики кои ја вклучуваат социјалната компонента). Отворањето на оваа програма со ваква тема има за идеја да ја потенцира потребата од уметничка ангажирана интерпретација на реалноста која во денешни услови е тешко да се протолкува и разбере. До каде се движи уметничката одговорност во Македонија и како може визуелно да се вообличи?

## Панел-дискусија
## „Отворени образовни курикулуми – критички единки и колективи“







Учесници: Ладислав Цветковски, професор по графички дизајн и дигитални технологии во уметноста на ФЛУ – Скопје, Јана Јакимовска, доцент на Ликовната академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Слободанка Стевчевска, доцент на катедрата за сликарство ФЛУ – Скопје, Љуљзиме Лека Мулаку, професорка на факултетот за ликовни уметности при Државниот универзитет во Тетово

Модератори: Ивана Васева и Филип Јовановски

Првата дискусија од „Совршениот уметник“ е поттикната од состојбата во уметничките академии во државата чија програма на студирање се потпира на ретроградни курикулуми, како и на можностите за соработка помеѓу самите образовни институции и граѓанскиот сектор, алтернативните програми со што би се прошириле мотивацијата на студентите и перспективата за вработување на дипломираните млади уметници, но и промената на внатре-институционалната политика и кадровската организација на самите академии.

## Ладислав Цветковски

Она што студентите на ФЛУ го имаат се изложбите уште во текот на студирањето за да се соочат со публика и критика, односно да се излезе од стандардниот модел на дејствување единствено во ателје и на предавања. Ниту студентите, ниту професорите не можат да бидат изолирани од она што се случува околу нас, односно општествено-политичките текови. Границата помеѓу занаетот кој го имате и едукацијата или пренесувањето на студентите и општеството е тенка и најлошо што може да се случи е да направите свој клон од студентот. Станав професор бидејќи сакам да си создадам конкуренција. Ние сме дел од од сето она што се случува и затоа ги охрабрувам преку дискусија да зборуваат и да не се плашат да ги искажат своите ставови. Можностите за младите уметници се навистина оскудни, но според мене тоа може и да е голем предизвик за бидејќи може да им понуди поголема слобода во креирањето на програмата. Најбитна е соработката и врската на образовните институции со граѓанскиот сектор и приватните компании.

## Јана Јакимовска

Ликовната академија како посебна единица на штипскиот универзитет постои од 2014 година, па предметите се ротираат по потреба поради малубројниот кадар, но позитивно е што имаме гости професори од странство. Секогаш се трудам во предметите кои ги предавам да вметнам и дополнителни нешта, да бидам практична и се обидувам да пополнам некои дупки во образованието кои ги имаат студентите. Со оглед на малиот фонд на часови и имајќи предвид одредено предзнаење на студентите, имаат многу занаетски работи кои треба да се научат, но уште веднаш треба да се соочат и со грешки и со фактот дека по завршувањето на факултетот нема да бидат поштедени од критика. Можностите за вработување после завршувањето на студиите по уметност се речиси невозможни и затоа ги поттикнувам да научат што повеќе споредни работи од други области. Тука се поставува и прашањето дали и колку се прави компромис на работното место кај оние кои добиваат шанса за вработување. Важно е да излегуваат надвор од Македонија за да почувствуваат и поинаков образовен систем. Она што би променила во самите институции е најпрво враќање на демонстраторите и асистентите на факултетите, а би вовела и стручњаци во пракса и секако, повеќе финансии за образованието.

## Слободанка Стевчевска

Дел од студентите кои се запишуваат имаат и малку предзнаење од историјата на уметноста или немале претходно формално уметничко образование. Како наставник тргнувам од она што го работам и како уметник. Уметноста е постдисциплинарна и затоа со студентите секогаш тргнуваме од почеток и се трудам да не бидам анахрона. Најбитна е довербата во класата и ги поттикнувам да почнат да размислуваат и гласно да ги кажуваат работите, бидејќи општеството создава многу граници во секое поле, па така и во уметноста и затоа сакам да го изместиме она што се очекува од нив. Студентите апсолутно имаат право да разговараат за идеолошкото, за општествено-политичкиот и историскиот контекст, бидејќи се свесни индивидуи и треба да постои дискусија меѓу студентите со различни позиции. Тукашната политика ни ги окупира животите, но тоа е и добро, бидејќи

сега е време да го кажеме она што сме го премолчувале и да го победиме стравот кој нè ограничува. Моја желба е поголем проток на луѓе, гостувања, да не е општеството толку затворено и повеќе никогаш ниеден родител да бара врски во едукативниот систем.

## Љуљзиме Лека Мулаку

Не може да се побегне од политичките и историските прилики. Во последните две години видов дека треба поинаку да ги опфатиме и решаваме проблемите, а концептуалната уметност која ја предавам зборува токму за релацијата уметник-општество. Би сакала студентите од Ликовната академија во Тетово да не бидат изолирани како досега, да им се даде шанса, да создадат контакти и да изложуваат.





Ивана Васева „Уметнички форми кои влијаат на социјалната динамика“

Филип Јовановски (уметник, добитник на ДЕНЕС 2013) „Уметникот и репресивните системи“

## 14 мај





Тренинг со Владо Караев – излегување од комфор зоната

# II МОДУЛ
# 20 МАЈ, ЛГБТ ЦЕНТАР ЗА ПОДДРШКА

„Внатрешно и надворешно контестирање на рамката: современи кураторски и уметнички практики“

Ивана Васева „Балканска уметност“



Презентација и преиспитување на поединечни и групни изложби и кураторски практики кои се јавија како „последици“ од настаните за време и по распадот на Југославија и зголемениот интерес на Западот за „балканската уметност“ до првите години на 21 век. Периодот потоа повторно е во стагнација во однос на развојот на регионалната уметничка мисла. Колку сите овие случувања оставиле траги не само на образовната етика туку и на развојот на уметничката сцена?

Марина Абрамовиќ “Balkan Baroque“



http://www.dilettantearmy.com/wp-content/uploads/2013/08/Balkan-Baroque.jpg

„Во Потрага по Балканија“, куратори Роџер Коновер, Еда Куфер, Петер Вејбел, Neue Galerie Graz am Landesmuseum Joanneum, Грац 2002



Брацо Димитријевиќ “Citizens of Sarajevo“ https://www.museum-joanneum.at/fileadmin/user_upload/Neue_Galerie/Ausstellung/2002/In_search_of_Balkania_3_BRACO_DIMI.jpg

„Крв и мед – иднината е на Балканот“, куратор Харалд Шиман, Sammlung Essl, Klosterneuburg, Виена 2003




Маја Бајевиќ “Washing up” http://sammlung-essl.at/jart/prj3/essl/images/cache/e5838815299f466850fa72cee9f3a6aa/0x13BCE96E9CF6E27F578B0C2AC1C5A628.jpeg

„Во клисурите на Балканот“, куратор Рене Блок, Kunsthalle Fridericianum, Касел 2003



Ајдан Муртезаоглу, “Untitled“ http://archiv.fridericianum-kassel.de/ausst/balkan03/bilder/murtezaoglu.jpg

“The Making of Balkan Wars: the game”, Музеј на град Скопје 2004

„За независните – според вистински приказни“, автори Христина Иваноска и Јане Чаловски

## Џон Блеквуд „Неколку примери во современото кураторство: три изложби 2014-2017“



„Паралелен универзум“, галерија „дуплекс100м2“, Сараево (февруари 2014). Учесници: Ангел Миов, Филип Јовановски, Маја Кировска и двајца уметници од колективот ОПА - Слободанка Стевчевска и Денис Сарагиновски.



http://www.duplex100m2.com/?portfolio=macedonians-group-exhibition

„Патека на меморијата. Современата уметничка сцена од Босна и Херцеговина“ (“Memory Lane”), курирана од Пјер Куртин во галеријата „Агнес б“, Париз (јуни 2014). Учесници: Гордана Анѓелиќ-Галиќ, Игор Бошњак, Лана Чмајчанин, Јусуф Хаџифејзовиќ, Нела Хасанбеговиќ, Андреј Ѓерковиќ, Ибро Хасановиќ, Адела Јушиќ, Шејла Камериќ, Миломир Ковачевиќ, Нина Кнежевиќ, Раденко Милак, Младен Миљановиќ, Дамир Радовиќ, Лала Рашчиќ, Небојша Шериќ-Шоба, Ирена Сладоје, Алма Суљевиќ, Едо Весејловиќ.



Адела Јушиќ “Memory Lane”, Galerie du Jour Agnes B, Paris, 2014 https://adelajusic.files.wordpress.com/2015/07/adela-jusic-2.jpg?w=580&h=436

„Архипелаго“, галерија „Самерхил“, Единбург (2017). Учесници: Дејвид Блајт, Дерик Гилд и Алан Грив




Алан Грив https://graysresearch.files.wordpress.com/2017/01/img_4250.jpg?w=467&h=623



Кои се предизвиците со кои се соочуваат кураторите кои работат во современата уметност во работењето со мали буџети и во оформувањето и развивањето на кураторски концепти од почетната идеја до финалната реализација?

## Џон Блеквуд

Многу е важно да се дефинира што всушност луѓето подразбираат под кураторство во македонски контекст? Што се независноста или критичноста и како современиот уметник е позициониран во македонското општество, естетскиот и кураторскиот избор и нивните импликации, потребата од компромис или одлуката да не се прави. За мене добар куратор е како добар фудбалски судија – да работиш, а да не те забележуваат.

Исто така, важно е да се нотираат условите кои ги имаат уметниците и кураторите во земјите од поранешна Југославија наспроти условите во Европската Унија, односно тие услови од ЕУ да се рефлектираат во земјите од регионот. Главната причина за малкуте изложби од Македонија и регионот во Велика Британија и Франција се големите трошоци за транспорт на уметничките дела. Не може да постои продуктивно партнерство без пари, а јас се обидувам да воспоставам врска помеѓу Македонија и Шкотска, бидејќи Македонија во моментов е изолирана во уметничкиот свет. Единствено во Скопје во последните години мегаломанскиот проект на преуредување „Скопје 2014“ претставува воспоставување неокласицизам како една хегемонска визуелна приказна на длабоко несигурна политичка класа очајна повторно да ја испише заедничката историја со многу контроверзното толкување на основите на македонската држава, низ создавање политичка драма.

## Бојан Иванов

Најважно од соработката со Џон е врската помеѓу две генерации[1]. Проблематиката на модерната традиција и уметничкиот канон не́ има двајцата придвижено – Џон со кураторството, а мене кон враќање на уметничката критика. Кураторската практика во 80-те години ја покажа авторската слабост. Тие околности резултураа со недоверба кон самите кураторски концепти. Целата култура базирана на надворешна цврста точка не постои, односно не постои надворешна референца. Праксата од Југославија во 80-те години и македонската во 90-тите години поради блискоста со францускиот структурализам и Италија предничи во однос на британскиот контекст пред се́ поради општествените разлики и историскиот контекст во Велика Британија во 70-тите и 80-тите. Од крајот на седумдесеттите и почетокот на осумдесеттите години на минатиот век, кога неолиберализмот влегува во сите сфери на живеењето, доаѓа до глобални измени во дотогашните традиционални вреднувања на нештата. Беше неминовно истото да му се случи и на пазарот на уметничките дела. Токму кризата со неподвижните имоти во раните 90-ти ќе доведе до вистински бум и драматичен пораст на цените на уметничките дела. Бројот на уметничките галерии во светот ќе почне да се зголемува со неверојатна динамика. Идејата дека неподвижните имоти се една од најсигурната инвестиција полека ќе ја изгуби својата моќ и луѓето ќе почнат да бараат нови инвестициски предизвици. Во почетокот на 90-те кураторството влезе во соучесништво со авторот. Парите и приватизацијата ја сменија улогата на кураторот и тој беше оној кој почна да организира настани, развој на идеи, лајфстајл, започна создавање на брендови и супер-ѕвезди од уметниците.

Во последните 15 години, пак, чувството на неефикасност е се́ поприсутно. Прашањето за пожелниот однос на уметникот кон стварноста ја покажува несигурноста којашто ја живее светот на уметноста денес – можеби една од последиците на долготрајното занемарување на творечкиот субјект за сметка на творечкиот производ. Во 21 век кураторите и уметниците настапуваат на веќе „мртви“ манифестации, како Венеција или Истанбул.

---

1 Џонатан Блеквуд е автор на книгата „Критичката уметност во современа Македонија“ (2016), во издание на „мала галерија“ на Бојан Иванов https://www.facebook.com/Mala-Galerija-55882557470/

**Веќе подолго време воопшто нема дебата за тоа кој ја претставува Македонија на Венециското биенале. Имаме т.н. натрапници во занаетот. Нема еснафска потреба од реакции. Во иднина треба уметноста да се фокусира кон активирање на заедницата и современата уметност да одговори на потребите на таа заедница.**

## Кој е совршениот уметник и што е уметничкиот труд во македонски контекст, 21 мај



**Билјана, Немања, Марија, Дејан**

Појдовната точка на нашата група е образованието и што е тоа совршен уметник? Кој го дефинира совршениот уметник и каква е улогата на уметникот во идеологијата, односно за интегритетот во уметноста – афирмативно наспроти негативно гледање на нештата, етичкото во уметноста.

**Ивана, Амир, Анастасија, Ана**

Во Македонија совршениот уметник е Валентина Стевановска како најплатен уметник, без портфолио и наградена со своја катедра на ФЛУ. Различни видови на општествено-политички услови креираат различен тип на „совршен уметник“. Го разгледуваме трудот на уметниците кој е некомпензиран.




**Оливер, Никола, Зоран, Наташа**

Ги отворивме темите за вредноста на трудот и како се манифестира вредноста во предметот; алтернативна економија, нови економски идеи околу роботизацијата, односно што ќе прават луѓето кога нема да можат да работат, а ќе бидат згрижени со универзален приход.

**Филип, Елена, Драган**

Нашето дело го обработува „Споменикот на слободата“ во Кочани изграден во периодот 1975-1977, дело на Глигор Чемерски и Радован Раѓеновиќ, односно идеите кои произлегуваат од самиот споменик како слободата на уметникот и колку државата денес му дава слобода на уметникот. Зборувавме за значењето на самиот објект, негрижата на властите, односно непреземање на грижа и одговорност.

# III МОДУЛ
# 17 МАЈ, КИНО КУЛТУРА

„Уметничкиот маркет и последиците од него: како да продолжиме да живееме на овој начин“

Во рамки на овој модул се разгледуваше економскиот контекст на уметноста и уметничкиот маркет со разните свои појавности: комерцијални галерии, уметнички саеми, биеналиња, и се постави прашањето,како едно од централните, односно зошто во Македонија ги нема и дали треба воопшто да ги има.

Уметничката сцена во Македонија не ги ужива „привилегиите“ на уметничкиот пазар па затоа воопшто не ни размислува пазарно. Не постојат нити саеми, нити комерицијални галерии, нити познати колекционери кои би биле заинтересирани за современата уметност. Уметничките маркети во САД и Европа се различни поради различните општествени системи. Во САД, покрај приватните колекционери, фондации и корпорации, главните купувачи се и бордовите од музеите. Тие колекционери ја диктираат политиката на музеите и галериите, додека во западна Европа во најголем дел државата, преку јавните фондови, е таа која го поддржува развојот на уметноста. Во Холандија или Италија постојат алтернативни маркети кои се самоодржливи и започнуваат како реакција на дотогашните елитистички и затворени настани за уметност, отворајќи нови и еднакви можности за сите чинители на културно-уметничката сцена. На таков принцип е и Паратисима Скопје.

Се чини дека во јазот помеѓу чистата уметничка посветеност, без комерцијална логика (често идеја водилка на уметниците наспроти оние кои заработија поддржувајќи ја претходната конзервативна влада) и вокација и комерцијалниот аспект на уметноста, може да се создадат услови за поинакво функционирање на уметничката сцена

Проекција на видеа на тема уметнички маркет и колекционери во САД

## Панел-дискусија
## „Инвестирање во уметноста/ културата или можности за демаскирање“





Модератор: Милан Живковиќ, општествен истражувач. Учесници: Роберт Алаѓозовски, министер за култура на Република Македонија, Еди Мука, коосновачи и директор на Интернационалното уметничко биенале во Тирана, куратор за привремени проекти во Public Art Agency во Шведска, Ивана Драгшиќ, социолог и уметничка, Ивана Васева, кураторка.

Што е јавно - јавна уметност, јавни простори и инвестиции во културата, односно трошењето на јавните средства и нивната злоупотреба, односот на институциите низ годините, но и економскиот аспект и стабилноста во ова поле, пред сé во независната културна сцена. Претходната владејачка гарнитура трошењето на огромните суми за проектот „Скопје 2014“ го промовираше како отворање на културата за сите граѓани.

## Ивана Драгшиќ

Главните апологети на „Скопје 2014“ беа претставници од културниот сектор – пејачи, актери, архитекти, историчари. Но, тука е и сфаќањето на културата како бојно поле, односно културното наследство и културното богатство: од една страна хиперпродукција, а од друга малку пари за заштита на културното наследство. Проектот мобилизираше многу нови културни и уметнички независни прекаријатни работници, малку платени и потценети. Сега секое лутање и обид за преформулирање на досегашната пракса е пораз за културата. Мора да се насочиме кон состојбата во која се наоѓаат културните работници и нивниот труд. Најважни се инвестициите во образовната инфраструктура за културата и е потребно демистифицирање на термините што е културен работник и систематизација на професиите, а на културата да се гледа како потенцијал за економски развој. Да се доближи идејата за уметниците како вистински работници, односно да престане да се идеализира професијата, да се деромантизира. Не сум строго против пазарно насочена уметност, тоа не се исклучува и не е само министерството за култура кое треба да биде вклучено, туку да се обрне внимание и на социјалните, образовните, урбаните политики. Мислам дека еден добар пример на вклученост на повеќе фактори во заедницата е Nashville Music Community. Овие музичари се пример за заедница каде сите се рамноправни каде сите подеднакво работат на промоција, менторство и соработка.

## Роберт Алаѓозовски

Потребата за културна инфраструктура постоела отсекогаш, не само во Македонија. И во други држави во Европа се трошеле огромни суми за објекти за културата (каков што е

случајот со операта во Хамбург и Шекспир театарот во Гдањск и овие објекти се предмет на дебати во јавноста. Но разликата е што тие објекти се финансираат и од европските фондови, што не е случај кај нас. Прашањето е што е тоа што е изградено и дали е функционално? За жал повторно постојат проблеми и повторно има недостаток од културни простори, бидејќи кај нас не се наметна трендот на искористување на нефункционални индустриски објекти за културни простори и во иднина треба да се насочиме кон ова, како и кон децентрализација во културата. Веќе имаме првични идеи и средби со Независниот синдикат на културните работници, а се надевам со сите останати синдикати и претставници на културните институции за решавање на статусот. Веќе зборуваме за создавање на нови простори за културата, соработка со општини и сите останати општествени чинители.

## Ивана Васева

Недостигаат стабилни финансии во независната културна сцена од која сум дел 10 години. Сé повеќе работиме, а сé помалку сме платени. Мора да се направи рамка за стабилизирање на институциите и оттука, стабилна културна политика. Она што кај нас недостасува се фондови за млади уметници и отворање на сцената за интернационални проекти. Треба да се насочиме кон тоа како да формираме систем на стабилност за уметниците, кураторите, критичарите, теоретичарите на уметност, односно сите чинители на уметничката сцена.

## Еди Мука



Треба да се создадат цврсти културни политики, политики на одржливост. Иако во Шведска има многу малку приватно спонзорство, има силна институционална поддршка. Секој треба да ја преиспита својата позиција. Министерството за култура ништо не може да направи само, тоа се владини политики и е кохезија помеѓу сите чинители – министерствата

за труд и социјала, финансии, образование. Да се гледа на работата во културата како на образование, не само како на труд. Во однос на недостатокот на простори, гледајте како на предизвик. Твојата кујна, твојата улица е простор.

## Имате одлична шанса за нов почеток

Не сум дошол во Скопје од 2000 година. Секако виртуелно следев што се случувало во градот, но е сосема поинаку кога ќе го видите центарот во живо. Можете да му продадете дел од спомениците на Демиен Хрст кој во моментов има огромна изложба во Венеција, а каде се прикажани гигантски артефакти.

Мислам дека сега е шансата и има голем потенцијал за промени во Скопје и Македонија воопшто. Имате добра позиција за рестартирање, но истовремено може да биде и проблематично, бидејќи сите овие земји од регионот се постојано во таа позиција на нов почеток. Она што сметам дека е најважно за младите уметници и културните работници е да се дојде до приватни спонзорства, да се борат да се пробијат интернационално, без притоа да го потценуваат локалното. Да се борат со властите, да ги направат да се чувствуваат одговорни и да се променат. Ова е базирано на мојата лична пракса и работата со институциите во Тирана. Така, Биеналето во Тирана беше голем чекор за развојот на тамошната уметничка сцена, а особено сум горд на резиденцијалната програма наменета за уметници од Балканот. И покрај малите финансии на почетокот и неможноста уметници од Албанија да излегуваат надвор, успеавме да ги отвориме границите и светот да дојде кај нас, но и да се поврземе и допреме до локалната публика. Иако има огромно политичко влијание врз приватниот сектор и е тешко да се стигне до поддршка не е невозможно. Повторно сé се сведува на личните контакти и пријателства. Мислам дека е многу поважно прашањето како се финансира, а не колку се финансира.

## „Нов почеток“[2]

**Обидете се да го сакате тоа што го работите и да мислите дека тоа е важно; имајте интегритет и штитете го, бидете подготвени луѓето со кои работите да ве разочараат. И покрај сите препреки, до крај стојте зад она што сте го направиле; бидете подготвени дека ќе имате непријатели, бидете подготвени да работите со бирократијата, државните институции и службеници од локалната и државната влада; научете како да напишете апликација за проект. Секогаш имајте план Б, никогаш не се уморувајте додека не ја завршите работата; кога ќе ја завршите работата, одморете се и почнете пак. Бидете сигурни дека вашите непријатели ќе останат непријатели. Пред да започнете нов проект – размислувајте, прашајте се себеси: дали вреди и што може да се направи подобро од претходно, одете на интернационално ниво, подобрувајте ги вашите вештини, барајте спонзори, по можност големи спонзори. Обидете се следниот проект да го направите подобро, потрудете се на луѓето не само да им се допадне проектот, туку следниот пат да направите нешто заедно и секогаш борете се со власта.**

2 Edi Muka “Restart”, достапно на http://provisionalfutures.ultd.net/?p=337

## Презентација на 3 уметнички проекти

„Столб“ (“Column“), Адријан Паци



http://db-artmag.de/en/81/news/made-in-china-adrian-pacis-the-column-at-the-architecture-bienna/

„Дом на зборови“ (“House of Words”), Сантјаго Сиругеда и Recetas Urbanas



http://www.recetasurbanas.net/v3/index.php/en/component/joomd/proyectos/items/view/how

„Цветен пазар“ (“Flower Market”), Нурија Гуел



http://mde.org.co/mde15/wp-content/uploads/sites/2/2015/12/Ferio-de-flores-Nuria-baja-977x554.jpg

## 18 јуни, Кино Култура, гостин Бранимир Јовановиќ



Потребна е реорганизација на општеството, прераспределба на облиците на компензација, односно секој во општеството треба да има загарантиран приход. Дефиниција за прекаријат се фриленс работниците во културата. Тоа е експлоатација за која не си докрај свесен, на сличен начин како што робовите не се свесни дека се робови. Никој нема право да го вреднува трудот на уметникот освен самиот уметник, односно секој треба да го вреднува својот труд според своите потреби, што би било основа на економијата. Уметничкиот труд е невидлив и е дел од систем на нередовна исплата, нееднаквост на платите со други професии и постојана несигурност.

# IV МОДУЛ
# 24 ЈУНИ, МОНТАЖНА МОБИЛНА ГАЛЕРИЈА






„Размислување надвор од рамката: независната културна сцена и културните работници“,

Модератор: Ивана Васева, кураторка. Учесници: Наталја Алтхаузер, актерка, режисерка и продуцентка (Германија), Бујар Лума театарски режисер и извршен директор на невладината организација „Центар за балканска соработка – Лоја“ од Тетово.

Дискусијата го отвора прашањето за стимулацијата на творештвото кај младите автори на независната уметничка сцена во Македонија и незаинтересираноста на институциите во последните неколку години наспроти функционирањето на независната сцена надвор од Македонија

## Наталја Алтхаузер

Ако на почетокот на својата уметничка кариера немаш финансиска поддршка и простор направи го тоа сам. Секогаш е предизвик наоѓањето финансии за независната сцена. Како пример, ансамблот во кој работам, „Театарот на неморалните“ во Фрајбург е основан во 2001 година во една продавница за велосипеди и работи на принципот секој член да режира свој проект. Независната филмска заедница „Блеквуд филмс“ каде исто така работам, е основана 2005-та од еден шеснаесетгодишник. Работат вкупно 20 луѓе и досега имаат снимено и продуцирано 25 филмови, а концептот на работа вклучува заедничко учење и развивање различни вештини во повеќе полиња од филмската уметност. Мислам дека проблемот во Македонија и земјите од овој регион е што младите немаат знаење како да направат нешто сами, пред сѐ поради образовниот систем. Но јас ги охрабрувам да бидат упорни бидејќи секогаш ќе има еден кој ќе даде позитивен одговор за некој проект. И секако соработка на интернационално ниво.

## Бујар Лума

Треба само да се видат примери од функционалните модели во образовниот систем. „Проблемот е што кај нас факултетите не ги развиваат вештините, односно студентите не знаат како и каде да го имплементираат знаењето. „Лоја“ беше формирана со цел децентрализирање на културата и да видат младите што значи независна сцена, не само театар, туку и визуелни уметности, филм, разни обуки и тренинзи. Соработуваме со шест универзитети во Македонија и мислам дека принципот на идентификација и регрутирање на младите од институциите преку непосредни контакти не е толку сложено како влегување во самите институции. Во моментов во земјава гледам оптимизам и желба за промена, но треба да се биде реален и не премногу еуфоричен. Исто така, гледам простор за поддршка на сите чинители кои се дел од независната сцена. Но, треба да престане и феноменот на самовиктимизација. Легитимно е да се буниш дека нема поддршка, но треба и сам да направиш нешто.

## Фондација Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје, 25 јуни

**Немања, Марија, Дејан, Биљана**

Сакаме да го прикажеме уметничкиот труд и процесот. Важно е да се изложи процесот бидејќи луѓето не знаат што претходи на самото дело; не знаат дека самиот процес е уметничкиот артефакт. Таргетот се луѓето кои не се дел од уметничката сцена и кои треба да се идентификуваат со елементите на уметничкиот процес и да се истакнат сличностите со други професии. На крајот делото е најдобро што можело да биде, а уметникот останува несовршен.

**Филип, Елена, Драган**

Сакаме да направиме дискурзивно-перформативно дело каде се преиспитуваат темите од „Споменикот на слободата“ во Кочани, преведување на значењето на споменикот денес, потоа важноста на наследството и темите се денеска релевантни. Крајното дело кое сакаме да го направиме е „споменик што трае“ , односно нов фиктивен споменик и истакнување на потребата од лекување на културата.

**Анастасија, Амир, Ана, Ивана**

Преку нашето дело поставуваме прашања за етимологијата и генезата на поимот уметност и поставуваме прашања до институциите од кои чекаме одговори како тие гледаат на уметникот кај нас.

**Никола, Наташа, Зоран, Оливер**

Нашата групната изложба е рефлектирање на прекаријатните услови, односно вреднувањето на интелектуалниот и мануелниот труд.

## Искуства на уметниците-учесници

**Марија:** Програмата беше привлечна затоа што ги опфати сите битни сегменти на современата уметност, а преку поканетите гости успешно се направи и паралела меѓу тоа што се случува кај нас и останатите центри. Најбитен сегмент од целиот концепт на програмата, не само за мене, туку за поголем дел од пријавените учесници е можноста да развиваме проект во групи. Со оглед на различната структура на луѓе и фактот дека до тогаш скоро никој од пријавените немавме меѓусебна соработка, верувам беше двоен предизик не само за нас, туку и за самите организатори. Времето поминато на предавањата и работилиците беше многу продуктивно и на крај, секој од нас ќе замине со многу поотворен поглед кон професијата што ја имаме. Од гостите го издвојувам Еди Мука бидејќи неговото изложување делуваше многу инспиративно и мотивирачки.

**Елена:** Работата во групи кои беа оформени по случаен избор има свои големи предности – излегување од сопствената комфорна зона и можноста на оформување на идеи со соработници кои можеби имаат различни пристапи на работа или спротиставени идеи е одлична ментална, но и практична вежба. Со помош на својот координатор, секоја група имаше можност да ги лоцира, разработи и конечно усмери своите идеи кон нивното материјализирање. Во склоп на затворените и на јавните дискусии, учествуваа гости чии предавања содржеа релевантни информации на актуелни и интересни темии кои поттикнуваат дебати и отвораат перспективи и секој имаше можност да придонесе со својот критички став. Во атмосфера на колективно работење и учество, каде границите на групите се отворени и секој од учесниците е слободен да даде свој придонес се отвори простор за продуктивни активности и процеси кои подоцна резултираа со оформување на проекти со прекрасен потенцијал. Моето искуство од учеството во дискурзивно- едукативната програма „Совршениот уметник” е исклучително полезно и позитивно и не би се поколебала да го повторам и препорачам.

**Анастасија:** Како уметница која живее и твори во Амстердам ова ми е прво искуство на работа/соработка во Македонија. Секогаш е убава вест кога уметниците имаат можност да се соберат и дискутираат за прашања поврзани со уметноста, културата и пошироко со општеството. „Совршениот уметник“ како програма со својот концепт создаде клима за едукација спротиставена на односот наставник-ученик и бегајќи од класичниот формат, негувајќи дискусии и овозмозувајќи размени на размисли во работните групи и помеѓу групите нè потсети дека можеби се потребни нови методологии за разбирање на нештата. Идејата за оформување на четири групи од случајно споени учесници со различни гласови и појдовни точки на истражување кој низ модулите го наоѓаат начинот за доаѓање до хомогена мисла за мене се покажа како успешна. Дотолку повеќе, излагањата на гостите предавачи создадоа атмосфера која придонесе кон кристализирање на одредени прашања и начините за барање на одговори за истите. Се надевам дека програмата ќе продолжи и ќе се развива во интерес на сегашните и идните генерации, пронаоѓајки и други начини и методологии за циркулација на знаењата. Затоа што уметноста никогаш, особено денес, не е само боја и форма туку мисловен процес и реакција кон сегашноста, би било интересно доколку координаторите одбрани за програмата би биле со различен бекграунд, токму поради личното искуство со менторката Ивана Драгшиќ, на групата во која учествував и нејзиниот бекграунд, социологијата.

**Дејан:** Оваа апликација, кон едукативната програма „Совршен уметник“, меѓу другото претставува самокритика бидејќи си велев дека мојата генерација повеќе не учествува на едукативни (јавни) формални или неформални средби/програми пред сè од егоистички причини. Но, истовремено сум свесен дека е од суштинско значење за интелектуалниот

развој, на сите апликанти (воопшто млади уметници), па така и кон мене, не потценувајќи ги и најелементарните придобивни од истата како дружење, дискусии, информации, анализи, толкувања, прашања, одговори, инспирација, провокација... Искрено едвај чекам! Мојата личност доживеа интелектуално будење, токму како што претпостави овој мој извадок (мотивациско писмо) од апликацијата кон програмата. Сите претпоставки беа задоволени и повеќе од очекуваното, и не сметам дека ова претставува пофалба до организацијата, туку провокација кон сите оние кои се препознаа во воведот. Образованието е клучна алка за здраво општество и се додека нашите дијагнози ќе го негираат оваа вистина, ќе останеме тивки во културниот натпревар на народите, додека гласно ќе одекнува ехото од ударот во нашите гради. Благодарен за секоја дискусија, информација, анализа. Благодарен за секое прашање и одговор, за секоја инспирација и провокација.

**Немања:** Дискурзивната програма, за мене, беше нешто ново. Секоја прилика каде се применува директна размена на искуства или соработка може да биде поучна, просветлувачка, па дури и инспиративна. Сметам дека ваквиот вид на настани им дозволува на слободните уметници конечно да допрат до јавниот простор на свој начин и тоа може да биде само позитивно. Од сите искуства кои со нас ги споделија учесниците во панел-дискусиите, успеав да создадам појасна слика за тоа како уметниците живеат и работат кај нас - кои се нивните реалности. Секако, проблемите се први 'на тапет' во секоја дискусија, но тоа е само доказ за високите очекувања, кои се можеби и знак за прикриен потенцијал. Работа во групи не ми е новина, но секоја индивидуа носи новини со себе. Можам да кажам дека со колегите пронајдов сличности и сродни идеи и повеќе од што очекував. Се пронајдовме во заедничкиот процес на работа, па одлучивме и заедно да го обработиме токму тој апсект од уметноста. Од сите овие денови, забележав дека со уметниците секој разговор не завршува со политика, туку продолжува и понатаму, сé додека не стигне до обновена желба за слобода. За уметникот, правото слободно да се изразува е свето, па затоа и слободните фестивали, како АКТО, се шанса за сите млади уметници таквото право да го искористат, можеби барајќи уште слобода... барем на два дена.

**Амир:** Како дел од едукативно-дискурзивната програма „Совршениот уметник“ работам во група со Анастасија Пандиловска и Ана Јовановска на колаборативно дело, под менторство на Ивана Драгшиќ и го третира односот на македонските институции кон уметникот кој им се обраќа за разговор, средба, соработка и сл. Проектот е со наслов „Пара Атлас“ го визуелизира институционалниот одговор во неколку медиуми. Колаборативните практики се од мој посебен интерес и сум задоволен што во нашата група успеавме да конципираме заеднички проект иако не сме соработувале предходно. Програмата се одивавше според предвидениот план и се состоеше од презентации, предавања, дискусии и работа во група. Сметам дека постигнавме задоволително формулирање на важни прашања за обработка во иднина.

**Драган:** Доаѓам од место каде ваквите настани скоро и ги нема, па за мене е понуда која не можев да ја одбијам и одлична шансаа за млади уметници кои што можат да се докажат и да разменуваат искуства. Дискусиите и дебатите со разни куратори, уметници, професори и др. нивното споделување на искуство, можностите кои ни ги нудат, лично мене ми ги отворија хоризонтите на размислување и различен начин на гледање на нештата. Да ги разберам барањата на останатите во средината и да изградам сопствен систем на културни вредности кои претставуваат клуч за успех на младите во денешното живеење. Работата во групи ни овозможи да се фокусираме на теми кои што сами ги поставивме, имаат големо значење за нас поединечно и како колектив. Себеси се гледам во крстосница од изобилство на можности каде можам да ги применам стекнатите знаења, способности и искуство.

**Наташа:** Во рамките на „Совршениот уметник“ започнав да го обработувам мојот личен проект како дел од групата под менторство на Оливер Мусовиќ. Нашата група одлучи да работи на заедничка изложба која ги третира економските модели неопходни за егзистенцијата на младиот уметник во современото капиталистичко општество. Сметам дека програмата беше од особена важност поради дискурзивниот карактер кој е успешно заобиколуван во традиционалниот образовен уметнички контекст во високото образование во Македонија.

**Никола:** За мене најголема придобивка е тоа што сретнав со автори кои имаат поинакви ставови и однос кон општествената одговорност и улога на уметникот од доминантната идеологија и мејнстрим позиција во македонското општество. Тоа ми влева надеж дека постои можност за промена на доминантниот однос кон уметноста и нејзината општествена улога. Ме инспирираше тоа што млади автори, кои се нов бран во македонската уметност се свесни за сопствената одговорност и за улогата на уметноста, односно потребата од нејзина политичка ангажираност и неодвоивоста од општествениот контекст. Ваквите програми се во голема мера потребни и корисни, посебно бидејќи формалното образование во Македонија е во многу лоша состојба и не нуди можности за реална надградба и на личен и на професионален план. Образовните и културните институци веќе долго немаат сенс за потребите за надградба и развој на младите автори, па ваквите програми се единствениот начин за поврзување со современиот контекст. Во рамките на групата имавме одлична соработка и плодни дискусии од кои сите научивме. Односот со менторот беше одличен, а Оливер се вложи себеси за да ни помогне во процесот и да ни го пренесе неговото искуство. Од него научивме многу за самиот уметнички процес и за современата уметност.

**Зоран:** „Совршениот уметник“ за мене беше една супер серија едукативни настани. Спој на различни уметници и критичари, колективен дух и неформалните средби со луѓе кои и не се занимаваат со уметност - во мојот случај тоа беше економистот Бранимир Јовановиќ каде дебатиравме за вредноста на трудот: „Зошто Зоран да биде принуден да фотографира свадби, кога може да фотографира гуштери и да заработува од тоа“. Цитат кој ќе ми остане во меморија.

**Ана:** Она што првично ме привлече е самиот наслов „Совршениот уметник“. Покрај тематиката за разработка, ме привлече и организираноста за работа во група како и воедно, остварување на контакти и запознавање со други уметници со сродни интереси. Програмава ми понуди следење на предавања од областа на современата уметност со акцент на локалното, но и да запознаам дел од она што се случува надвор. Мојата група, Амир, Анастасија и јас, иако различни во материјализацијата на нашите уметности се најдовме блиски во размислувањата за совршеното, или подобро кажано - несовршеното. Сите тројца живееме во три различни града, со различно потекло и познавања во уметноста, како и уметничка пракса. Го создадовме и градиме концептот онлајн. Темата ја уточнивме како интерес на сите тројца со влечење на паралели уметник-општество-институција-дело. Дали ваквиот начин на работа произлезе од нашата отежнатост за соработка во живо, или пак природата на нашиот концепт ни го наметна тоа како нужно, не знам, но во секој случај функционира. Се радувам да видам до каде ќе го однесеме делово и верувам проектот ќе продолжиме и по завршување и на „Совршениот уметник“.

**Ивана Драгшиќ/Група Paragraphie: Ана Јовановска, Амир Карахасан, Анастасија Пандиловска**

Целосното искуство во моделот на работата на проектот „Совршениот уметник“ би го опишала како многу интересен, слободен, отворен, но и провокативен и тестирачки

процес за моите вештини со кои толку се расфрлам – работа во група, лидерство, отвореност, флексибилност и аналитичност. Да има повеќе инфраструктурна поддршка и време на располагање, овој принцип на работа би можел да се примени во многу процеси кои подразбираат туторство, соработка и се истражувачки ориентирани. Искуството од работата со групата Paragraphie во која членуваа Ана, Амир и Анастасија е исто така интересно, позитивно и особено интроспективно за мене. Обидувајќи се да бидам некаков „добар“ медијатор на целиот процес низ кој минува групата и да се адаптирам на интересите и страстите на членовите на групата, преиспитав многу своие ставови и „знаења“, збогатувајќи ги со нови нијанси и аргументи. Дополнително, за мене беше особено важно, но и тешко поради интересот што го предизвикуваа кај мене, да не наметнувам правци во кои ќе се движат дискутираните идеи и теми. Од тој аспект, Paragraphie беа многу успешни и флексибилни во работата со мене, на еден начин, но и во нивната посебна, а заедничка, на друг. Тие покажаа значително чувство на заедништво и автономија пред мене (на некој начин надворешниот член), додека во исто време имавме бескрајно отворена размена околу нивното дело и пред неговото конципирање. Тоа ми причинува огромно задоволство. Тие се толку посебни, а се пронајдоа еден со друг, што буквално ми прикажа дека сме блиски, но едноставно различни генерации. Иако со нестабилна групна динамика поради различните приватни приказни и животи, групата на крај излезе со здрав концепт, кој, секако, се должи на солидарност, разбирање и споделување и надоградба на знаења.

**Концептуалното истражување – експеримент, кое тие ќе го претстават во форма на фанзин/уметничка книга е лично, но во многу прецизни општествени и политички рамки кои сами ги поставија и анализираа. Делото ги комбинира нивните интереси и искуства, а ги мобилизира различните вештини кои ги имаат. Тоа се нивните позиции во средината како членови на малцинства, како нови/млади уметници, како економски внатрешни мигранти, но и сите начини, форми и медиуми преку кои избрале да се изразуваат.**

**“Para/Atlas”, во процесот на изработка делува доста слоевито и комплексно, но прецизно компилирано, наредено, со два дискурса на еден наратив – состојбата на постоење и работа на уметниците во политичките општества денес. И иако се труди да раскаже една јавна манифестација, општествена приказна, тоа не претендира кон некоја особена објективност. Очекувам преку него да биде сосема разбирливо дека авторите се од помлада генерација уметници поради свежината и тивкиот хумор (или можеби иронија) во пристапот, но не знам до која мера авторите ќе си го дозволат тоа. Конечно, повеќето мои анализи на ова дело сигнализираат одредена амбивалентност во целиот процес, која во овој случај се покажа како функционална. Одговорност и сериозност во својата наивност, незнаење или можеби само искреност. Ова е добар модел кој со дополнителна разработка, може да се формализира и применува во други средини.**

**Биљана Тануровска-Ќулавковски/ Група: Марија Конеска, Немања Трајковиќ, Дејан Џолев[3]**

Во Македонија, сé уште, културно-уметничките иницијативи на независните автори и пошироко на независната сцена имаат потреба од нови форми на учење, изучување размена, продукција на знаење, кои не се добиваат во формалното образование или институции. Работата на нашата, а и на останатите групи е една од тие форми, формати во чии рамки се обидувавме да се самоорганизираме и развиеме своја приказна, базирана на некој „најмал заеднички именител“. За да стигнеме до таму, одевме низ процес на самоорганизирани сесии каде се дружевме, и дискутиравме околу различни теми - зборувавме за тоа што значи да се биде „совршен уметник“ денес, во овој контекст, во состојба на пост-траума од еден долг режимски регулиран систем во кој се продуцираше и диригираше уметноста. Зборувавме за иронијата на значењето на совршено, за утописко во совршеното, но и за тоа кои би биле совршените услови во кои би сакале да работиме. Зборувавме за фашизам-микрофашизам, за уметниковата идеологизација и дека тој не го отсликува, туку го обликува општеството – хоризонтот, за демитологизацијата на уметникот, за кризата во етичкото, за скрупулите како стабилни, мали острови од принципи, за важноста на процесот во создавањето, за прекаријатноста и ризикот, за инхерентниот антагонизам, за специфичното и универзалното, за позитивистичкиот и ироничниот пристап, за манифестот и неговото значење во историјата, читавме неколку, за трудот и вредноста на трудот на уметникот и културниот работник, итн.

Работата во заедница, или група која не е конструирана самостојно туку поради некаква задача бара посебен, или само-генериран пристап, кој е инаков, од оној каде заедницата се само-создава. Оваа група беше случајно создадена, и ние си „припаднавме“ заедно и заедно градевме пристап. Немавме некоја посебна методологија на работа, туку истражувавме преку дијалог. Овој заеднички краток период беше период на нафрлање, додавање, одземање, конфузија, приказни, прашања, одговори, и истражување на желбите, потребите, афинитетите на секој од нас, но и нас како група.

**Иако, јас имав доделена улога на ментор, координатор или медијатор, се трудев, таа улога да биде ненаметлива, односно да биде улога без остри граници, без поглед одозгора, туку очи во очи, и заедно да најдеме начин во некаква хоризонтална поставеност на нашите улоги да го градиме тој заеднички простор. Работната група која ја делев со Дејан, Марија и Немања ме научи повеќе за значењето на дискусијата, за еднаквоста, за различното, за можноста и неможноста на градење на група, за заедницата и заедничкото, за работата, трудот, (не)материјалното, за процесот на создавање, за визуелното и перформативното, итн.**

**Оливер Мусовиќ/Група: Наташа Неделкова, Николче Славевски, Зоран Шеќеров**

Ова ми беше само второ искуство со менторство, но прво со професионални уметници, кое само го афирмираше мојот прв впечаток дека можам да бидам корисен во таква улога, дури ако не се правам скромен би рекол дека имам и дарба и мотив за тоа. Сепак она што ми се чини како најважно во целото искуство е можноста за споделување, комуникација, размислување и преиспитување на теми кои се од горлив инетерес за учесниците - теми од уметноста (слично беше и искуството на работа во уметнички колектив). Во тој дел, па дури и да нема реализација на ниеден проект - мислам дека е вредноста на проекти за

3 Дејан Џолев одлучи да не развие свое дело во рамки на соработката со групата, но беше дел од процесите на работата во неа во рамки на своите можности.

алтернативна самоедукација како што е „Совршениот уметник“ - простор за споделување. Со оглед дека групата беше создадена по случаен избор, започнавме со меѓусебно запознавање и кратка презентација на личните интереси и работа. Интересите им беа различни, па мојот предлог беше да не форсираме заедничко дело туку групна тематска изложба во која тие би имале индивидуални дела (јас како ментор не учествувам). Секој од групата ги сподели сопствените услови на работа - Никола работи во фабрика за кабли во Битола, странска инвестиција, Наташа во кол-центар за нискобуџетна автобуска компанија која профитира од неукоста на клиентите, а Зоран фотографски тезги на настани за кои некогаш бил платен и во натура, трампа, што подоцна испадна дека е мое недоразбирање - па тргнувајќи оттука некако идејата за трудот, вреднувањето на трудот, вредноста на работите, како работата се претвора во вредност на објектот, и работата како уметник, така и неуметничката ни се наметна како тема на разговор и истражување. Во трите сесии кои ги имавме и во групата споделувавме за алтернативни економски системи - примери на Барселона под анархистите без пари во граѓанската војна, Косово пред самостојноста, Чијапас под Запатистите; мрежи на солидарност, работнички окупации, кооперативи, алтернативни локални валути, етички банки, и веројатно уште по нешто; фриленс економија, системите на искористување на фриленсери, вреднувањето на уметничкиот труд, иницијативи во уметноста за фер плаќање, самовработувањето, неплатена домашна работа, економски отпор, сквотинг, технолошки напредок и роботизација и како тоа се рефлектира на работата, универзален основен доход, што ќе се прави кога нема да има работа - виртуелен свет, игра.

**Работиме на групна изложба на која тројца млади македонски уметници на почеток на својата професионална кариера низ сопствените егзистенцијални стратегии и искуства рефлектираат на прекаријатните услови на работа во ‘фриленс’ економијата кои ги очекуваат, трудот, и вреднување на трудот денес. Оваа изложба отвора прашања за самоодржливоста на ликовните уметници; се залага за фер вреднување на уметничкиот труд; разбирање и артикулирање на прашањата од поширокиот контекст кои имаат влијание врз животот на уметниците и природата на нивните практики денес. Од што живеат уметниците денес? Секако не од уметност. Во услови кога од една страна уметничкиот пазар не постои, а таму каде го има тој е затворен, недостапен за повеќето, а од друга најголемиот дел од уметниците не поседуваат вештини кои се барани на пазарот на трудот, тие се речиси невработливи, па затоа се ориентираат кон други професии и алтернативни начини на заработка за живот. Трите млади уметници на оваа изложба соочени со овие услови критички, одвнатре ги анализираат условите за работа и системите на експлоатација на трудот и зголемување на профитот.**

**Во аудио-визуелниот проект „Разумно сомневање“ Наташа Неделкова ги презема сценографските елементи, дискурзивните тактики, како и генералниот проблем - вреднувањето/одлучувањето за Другиот, од филмот „Дванаесет гневни луѓе“ (1957, Сидни Ламет). Поаѓајќи од делото на германскиот филозоф Алфред Сон-Ретел таа го преиспитува општествениот, договорно конструираниот карактер на концептот на Вредност.**

**Во „Победени со љубов“ Никола Славевски се занимава со положбата на оној кој е принуден да го продава својот труд за наемнина. Авторот кој самиот е фабрички работник, поаѓа од сопственото искуство во производствениот процес во разоткривањето на лажната слика за задоволството и условите на работа која компаниите ја пласираат во јавноста.**

**Зоран Шеќеров прави суптилна споредба на сопствениот фотографски труд, од една страна некомерцијална, уметничка фотографија, и од друга комерцијална фотографија, која всушност и му овозможува да се занимава со некомерцијална уметничка фотографија.**

**Филип Јовановски/ Група: Драган Мишев, Елена Чемерска**

Процесот на работа во „Совршениот уметник“ за мене претставува важен процес во начинот како преку едукација и истражување може да се развие едно уметничко дело. Во македонскиот ликовен контекст како уметничка пракса истражувањето не е многу застапено, тоа претставуваше дополнителен предизвик за работа во оваа едукативна кураторска програма наменета за млади ликовни автори.

Она што е важно е тоа што поделбата во групи ја правевме по принцип на случајност, а не по принцип на взаемен интерес (членовите на групата не се познаваа лично од претходно, ниту пак работеле заедно). Тој принцип на креирање на групите создаде интетесна динамика во самиот процес на работа, невообичаена за начините и искуствата на работа кои сум ги имал претходно како автор, каде скоро секогаш сум соработувал со истомисленици и пријатели со кои делиме ист или сличен пристап кон современата - критичка уметност. Да се биде координатор на уметничко дело/а со учесници кои се млади уметници на почеток на нивната кариера и кои имаат сосема различни практики на работа (едната авторка е сликарка, а другиот архитект) е предизвик кој бара време и процес на запознавање на групата, на креирање на доверба која ќе биде главниот мотивационен мотор во целиот процес.

Што да избереме како тема за работа? Како впрочем се бира тема за работа во уметничко дело? Имаме кураторска задача, а ни треба лична мотивација? Појдовме од процес на избирање/детектирање на локални проблеми на секој учесник во групата поединечно, се прашувавме Што е тоа што е важно за нашата заедница, но и за нас лично како граѓани и автори? Како да одговориме на „задачата” на „Совршениот уметник“? Како е возможно (по примерот на Ларс фон Трир во филмот „Пет замерки”) да се реферира на едно готово, завршено ОДЛИЧНО уметничко дело? И некако во тој процес на мислење, што е тоа што е важно? Се случи еден синхроницитет на неколку нивоа, и авторски, и политички и личен, стигнавме до идејата за разработка на Споменикот на слободата на авторите Чемерски и Раѓеновиќ што се наоѓа во Кочани.

Драган е од Кочани, тоа сигурно ќе му значи како граѓанин на таа заедница, Елена, ќерка на Чемерски, „растена“со скиците за тоа дело, јас, пак, сум опседнат со идејата за слободата и споменичната култура. Неверојатно, да се биравме цел живот немаше толу добра група и тема да избереме. Но, да се зборува за едно уметничко дело/комплекс направен со огромни средства, како што е овој споменик и тоа во контекст на едукативна програма на млади уметници, може да изгледа наивно и неиздржано. Како во едно дело со толкав мал буџет за продукција да се направи ново дело кое ќе реферира на силната нарација на овој споменик? Тоа беше еден од главните проблеми околу кој потрошивме денови на мислење, разговарање, читање, гледање други дела кои би можеле да реферираат на сличниот принцип.

Она што можам да го нагласам како еден фокусите кои за мене како координатор (што и да значи тоа) ми беше важно, е процесот на одново откривање на значењето на одредена културна вредност и негова интелектуална и емотивна разработка во ново уметничко дело, ДЕНЕС.

**Ако едно дело кое припаѓа на време на доцен модернизам, и сосема различни политички и идеолошки услови да се „прераскаже” денес?.**

**Сите овие прашања и уште стотици други ги отворивме во процесот на истражување за ова дело кое како краен резултат претставува визуелизирање на процесот на работа/мислење за ова дело во форма на два авторски текстови, едно видео кое го прикажува споменикот во денешни услови(како се распаѓа културно наследство) и настап на музичар во живо во склоп на делото. Имаме „оживување” на споменикот но низ призмата на личните искуства за тоа што денес за нас претставува споменичната култура во едне поширок контекст, во контекст не смао на стручната/уметничка фела, него и на самата локална заедница како и на разбирањето на културата како поле кое едуцира, еманципира, култура која би требало да ги одразува интересите на јавноста, кажано во духот на споменикот на Чемерски, вредностите на СЛОБОДАТА пред сѐ.**

**Делото изложено во склоп на „Совршениот уметник“ претставува процес на одново откривање на нашиот денешен споменик, на нашата денешна борба со политичкиот контекст, борба за културни вредности, користејки ја уметноста како алатка.**

**Во време кога главна парадигма претставува издигањето на споменици на партијата, имаме еден друг споменик изграден во време на друга партија, ама повторно Споменик на слободата, слободата разбрана од Илинден до НОБ како идеал, како вредност, а не како пропаганда.**

## Биографии на учесниците

**Ана Јовановска** (1991) е графичарка од Куманово. Дипломирала на отсек- графика на Факултетот за ликовна уметност во Скопје во 2014 год. За време на студиите, заминува на студентска размена во Франција- École supérieure d'arts & médias de Caen/Cherbourg. Во 2013-та ја добива наградата „Драгутин Аврамовски- Гуте", а во 2014-та наградата за најуспешен студент и Grand Prix на 8. Младински пролетен салон во организација на Националната галерија на Македонија. По завршувањето на додипломските студии во 2015-та учествува на 11-тото Биенале за млади при Музејот за современа уметност во Скопје. Автор е на книгата „Колекција на лажни сеќавања (2014-2016)".

Нама Кардел е проект на уметниците **Наташа Неделкова** (Факултет за ликовни уметности- Скопје) и **Амир Карахасан** (Факултет за ликовни уметност- Скопје). Неделкова и Карахасан учествувале на голем број на групни изложби и проекции, меѓу кои „Dialectics of Ordinary Desire, What a Time to Be Alive" (Шпанија, 2016), „After YU, Imaginarium: Contemporary Video Art from Macedonia "(Велика Британија, 2016), АКТО Фестивалот за современа уметност (Македонија, 2016), „Transitional Notions in Decay", ДРИМОН фестивал (Македонија, 2016), итн.

**Марија Конеска** (1984) е графичарка од Прилеп. Во 2008-та дипломира на Факултетот за ликовна уметност во Скопје на отсекот графика, а во 2014-та ги завршува последипломските студии на Факултетот за ликовна уметност, Скопје, отсек сликарство. Досега Конеска имала неколку самостојни изложби: "I Am Fine!"(Македонија, 2016), "To persist" (Македонија, 2014), "To persist 2" (Германија, 2015). Конеска учествувала и во групни изложби и фестивали: „Паратисима" (Скопје, 2016), "Das ist Walter" (Германија, 2013), First International Print Biennial (Србија, 2011), итн.

**Драган Мишев** (1992) е архитект од Кочани. Во 2016-та дипломира на Факултетот за природни и технички науки во Штип, на отсекот архитектура и дизајн. Во моментов работи како архитект во Арте Нова Кочани. Во 2017-та учествувал на меѓународниот проект на Еразмус+ "Journey to our village from Europe" (Турција), а во 2016 на проектот на Еразмус+ "Healthy" во Бугарија. Учествувал на изложба и модна ревија на студентите при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, Техничко Технолошки Факултет, насока текстилно инженерство.

**Анастасија Пандиловска** (1991) е уметничка од Скопје со постојано живеалиште во Амстердам, Холандија. Пандиловска дипломирала на академијата Gerrit Rietveld во Амстердам, 2015 година. Во 2016-та ја добива наградата за современа уметност "Eeckman" (Белгија). Учествувала на повеќе изложби меѓу кои: "Emptiness and the Infinite Space #nr01" (Холандија, 2017), "Latitude: 52.343988 I Longitude: 4.953552" (Холандија, 2017), "Mémoires d'images récurrentes" (Белгија, 2016), "As I moved throughout, soundscape, online stream, G George: series of curatorial projects" (Велика Британија, 2016).

**Никола Славевски** е уметник од Битола. Додипломските студии ги завршува на Факултетот за ликовна уметност во Скопје во 2014 година, на отсекот сликарство. Учествувал на поголем број групни изложби: Ноемвриска изложба (Македонија, 2016), Изложба на Асоцијацијата на уметници (Македонија, 2016), 40 години од Асоцијацијата на уметници (Македонија, 2014). Добитник е на повеќе награди и признанија за својата уметничка дејност, меѓу кои „Јубилејно признание" за учество во „Малиот битолски Монмартр" (Македонија, 2011), „Златна палета" (Македонија, 2004), „Златен медал" (Португалија, 2004) итн. Активно работи како професор по ликовна уметност во детското уметничко студио „Свети Кирил и Методиј" во Битола.

**Немања Трајковиќ** (1989) е графички дизајнер од Скопје. Дипломирал во 2012 година на отсекот графички дизајн на Факултетот за уметност и дизајн при Европскиот универзитет на Р. Македонија. Во 2011-та е добитник на наградата за Божиќна картичка (Blizzard Entertainment). Учествувал во работилницата „Инклузивна зона" (Македонија, 2012). Во моментов работи како графички дизајнер во Navayo Technologies SYNERGY Business Centre во Скопје.

**Елена Чемерска** е уметничка од Скопје. Додипломските студии ги завршува на Факултетот за ликовна уметност во Скопје во 2015 година. За време студиите, во 2014-та ја добива стипендијата "East Exit" и престојува во Сиена, Италија, каде што ја проследува програмата за ликовна уметност на Siena Art Institute. Чемерска учествувала во повеќе групни изложби и фестивали: Skopje Fashion and Lifestyle Expo (Македонија, 2016), „Паратисима #3"(Македонија, 2016), „Две години Кула" (Македонија, 2015), итн.

**Дејан Џолев** (1985) е мултидисциплинарен уметник кој суштествувал во семејство кое не ја разбирала неговата амбиција, но секогаш била подржувана неговата творечка сила. Созревал на улица каде бил дел од повеќе „андерграуд“ формални и неформални друштва и организации. Дипломирал на одделот за дизајн на „Факултет за арт и дизајн“ при ЕУРМ - Скопје, додека денес е апсолвент на филмска и ТВ режија на Факултет за драмски уметности при УКИМ - Скопје. Тој е основач и сопственик е на школата за уметност „Џолев и уметностите“ која веќе шеста година по ред креира и организира програми во вид на академии, курсеви, обуки, предавања и работилници од областа на уметноста, дизајнот и науките блиски на уметноста.

**Зоран Шеќеров** (1992) е независен фотограф кој живее и работи во Скопје. Дипломирал на одделот за фотографија на Универзитетот за аудиовизуелни уметности ЕСРА Скопје – Париз – Њујорк во Скопје. Досега учествувал во неколку групни изложби во Геманија, Хрватска, Франција и Македонија, а ги имал и самостојните изложби „Минатиот век – Титоизам“ и „Глорија и Глорија“.

## Координатори

**Ивана Драгшиќ** е социологиња, граѓанска активистка и културна менаџерка. Таа е активна во рамки на Плоштад Слобода, организација која се занимава со теми за јавниот простор, добро владеење и промоција на commons, како нов модел на владеење. Драгшиќ е истрајна критичарка на проектот „Скопје 2014“, кој е манифестација на напад на commons на сите нивоа. Таа исто така пушта музика на радиото Канал 103 и во клубови.

**Филип Јовановски** е визуелен уметник и граѓански активист. Тој е магистрант на Факултетот за ликовни уметности, отсек сликарство во Скопје (2012). Учествувал на повеќе групни изложби во Скопје, Загреб, Познањ, Сараево, Тирана, Риека, Њујорк и др. Имал самостојни изложби: „Одлука“ (2010), „Три лесни парчиња: Предлог за опера во три чина“ (2012) Центар за Култура Битола, “Glotzt nicht so romantisch“ (2011) Прима Центар Берлин, „Силата на спартактистите или моќта на љубовта“ (2014) Отворено Графичко студио – Скопје. Изработил околу 20-тина сценографии за театарски претстави, видео и документарни проекти, а е добитник и на неколку награди за дизајн, сценографија и видео, како наградата за најдобра сценографија на фестивалот „Војдан Чернодрински“ во Прилеп (2010). Тој е претставник е на Македонија на Прашкото квадриенале за сценски дизајн и простор (2011).

**Оливер Мусовиќ** дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје и магистрирал на истиот факултет во 2004 година. Тој имал самостојни изложби во Македонија, Швајцарија, Словенија, Србија, Австралја и Црна Гора а учествувал и на многу интернационални изложби, биеналиња и резиденцијални програми. Како уметник од поранешна Југославија (сега Македонија), со хумор и самореферентна иронија, често го влече своето искуство од современото постсоцијалистичко транзициско општество каде што се занимава со локалната историја, просторна меморија, отуѓувањето, стереотипите и општествените релации во тој специфичен општествено-културен контекст.

**Биљана Тануровска – Ќулавковски** активно дејствува во полето на независниот културен сектор, иницира, програмира и раководи со многубројни проекти поврзани со современите изведувачки уметности, културни политики, модели на соработки, едукација, фестивали и институции. Кооснович и извршен директор е на НВО „Локомотива“ од 2003 година, што ги кооснова „Кино Култура“ – простор за современи изведувачки уметности и современа култура, и „Јадро” – асоцијација на независната културна сцена, каде што е дел од управниот одбор. Во 2005 година ја кооснова и активно ја развива „Номад Танц Академија“ – платформа за современ танц. Фокусот на нејзиниот професионален интерес е во истражувањето на културните политики, проблематизирање на нивното влијание врз развојот на социокултурниот систем, работните услови, уметничката практика и управувачките модели на институциите. Таа е дипломиран историчар на уметност и магистер по интеркултурализам, менаџмент во културата и културна политика. Во моментот е докторанд на Факултетот на драмски уметности во Белград.

## Организациски тим

**Ивана Васева** курира, организира, менаџира и координира програми и активности поврзани со современата визуелна ументост но често и мултимедијални и интердисциплинарни проекти. Таа живее и работи во Скопје каде, заедно со уметникот Филип Јовановски, ја раководат организацијата ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/Скопје и се куратори на годишниот АКТО Фестивалот за современи уметности.

Во моментов таа ја курира и менаџира едукативно – дискурзивната програма „Совршениот уметник“ во рамки на наградата „Денес“за млад визуелен уметник како и долгорочниот проект за модернистичкото архитектонско наследство и мисла „Кога зградите би зборувале“, а учествува и во неколку истражувачки проекти и изложби во повеќе земји. Во интерес на нејзината кураторска работа и истражувања се различните формати на претставувања во современата визуелна уметност, како и колаборативните практики кои би ја потенцирале потенцијалноста и политичката моќ на уметноста во различни контексти. Во 2016-та, заедно со Биљана Тануровска – Ќулавковски го започна истражувањето за културни работници кое прерасна во иницијатива за менување на правилникот за самостојни уметници и внесување на истата професија во Законот за култура во РМ. Досега ги спроведувала проектите „Живи библиотеки: архиви на граѓански непослушност“, големите истражувачки проекти „Скопје: врвна колекција на лични сеќавања 1960-2010 вол. 1“, „Уметникот и диктатурата“ и др. Заедно со Филип Јовановски е добитник на наградата „Ладислав Баришиќ“ на АИКА – Македонија за истражувачкиот проект „ Колективното делување како политичка, а не организациска одлука“. Ги курирала изложбите “You made me so sad. Now, that doesn’t have anything to do with you“, „МСУ има магарешки уши“, „Пет варијации на статичноста: Тишина“ и др. Васева завршила студии на Факултетот за историја на уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, а била една од учесниците на проектот „Расшколувано знаење“, колективно самообразование во уметноста и културата. Има специјализирано во областа на кураторството на Кураторската програма (2011/2012) на de Appel arts centre во Амстердам, Холандија.

**Милан Живковиќ** е експерт за работнички права и политички дијалог. Работел како портпарол/шеф на кабинет на Сојузот на синдикатите на Македонија и Генерален секретар на Синдикатот на УПОЗ, а во моментов е координатор и локален раководител на Фондацијата Фридрих Еберт-канцеларија Скопје. Како посебни интереси ги истакнува заложбата за инклузивно општество и потребата од вклучување на социјална кохезија во секој аспект на општеството. Главен приоритет на Фондацијата е заедничката соработка на Фондацијата со сите свои партнери: од политичката сфера, граѓанскиот сектор и социјалните партнери. Со „Совршениот уметник“,за прв пат во својата 20-годишна програма во Македонија Фондацијата Фридрих Еберт-канцеларија Скопје ги вклучува уметниците/културните работници во дискурсот и дискусиите на тема социјална инклузија.

**Филип Јовановски** (види стр. 41)

## Организатори на програмата

**Здружението за уметност и култура ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/Скопје** е замислено како отворена едукативна и продукциска платформа во полето на современата уметност и култура, со фокус на култивирање на критичко, ангажирано и активно учество на граѓаните во политичкиот, општествен и уметнички контекст во различни средини. Идејата за факултет или едукативна програма која се состои од нешта/субјекти/часови кои не се учат но се иманентни за човечкото секундарно знаење инсистира на принципот на делење, соработка, само-организирање и заедничко учење. Основана е во 2003 година како платформа преку која неколку уметници и студенти по театар, визуелни уметности и архитектура можат да продуцираат настани од областа на современата уметност и култура. Организацијата, во периодот од 12 години откако е создадена, учествувала во неколку регионални платформи во полето на современата уметност и култура, остварила плодна соработка со голем број на интернационални фестивали, како „Perforacije“ (Загреб) и “Culturescapes“ (Базел); била дел од неколку мрежи како „BCC – Balkan Can Contemporary“ и “Urban Hum“, проектот „Документарно везење“, како и долгогодишните проекти „Живи библиотеки: архиви на граѓанска непослушност“, „Култура за граѓански промени“, „Кога зградите би можеле да зборуваат“, итн.

**Фондација Фридрих Еберт – Канцеларија Скопје** - целта на меѓународните активности на германската фондација е промовирање на демократијата и развојот, да придонесе кон зачувување на мирот и сигурноста, да влијае глобализацијата да биде социјално прифатлива (порамномерна), и да поддржи постојан развој на Европската унија. Преку своите проекти во повеќе од стотина земји, ФЕС поддржува изградба и зајакнување на граѓанското општество и јавните институции. Целтрален фокус на работата на ФЕС е промовирање на демократијата и социјалната правда, економски и социјален развој, силни и слободни синдикати и застапување на човековите права и родовата еднаквост. Фондацијата Фридрих Еберт ја раководи својата работа според основните вредности на социјалната демократија и меѓународната соработка. Оваа задача ФЕС ја следи и во Република Македонија, каде што има своја канцеларија од 1996 година.

**Центарот за современи уметности – Скопје** е организација која придонесува на полињата како култура, регионална соработка, едукација и градење на капацитети, уште од 1999 година, кога беше создадена како независна невладина институција. ЦАЦ – Скопје е непрофитен културен центар кој се занимава со теми како култура, културна децентрализација и развој. Главните цели на ЦАЦ – Скопје се да иницира активности со цел да се подобри генералното ниво на уметноста и културата во Македонија, да се создаде одржлива културна сцена во земјава, да се подобри генералниот културен живот во Македонија и да создаде основа за децентрализиран општествен и културен живот. Во последните неколку години работи на развојот на рурални заедници, организација на мобилни кина по села, културни лета во рурални региони, уметнички изложби, работилници на полето на културата и живото наследство, проекти за зачувување со акцент на вклучување и ангажираност на локалците во активностите. Генерална цел е да се овозможи слобода на изразување, да се стимулира анимација на културниот живот, да промовира културна и етничка разноликост, да контрибуира кон децентрализацијата на културата и да се ангажира во развојот на културен и општествен живот во руралните региони на Западен Балкан.

**Наградата „Денес“** се доделува секоја втора година на млад визуелен уметник до 35 години во Македонија. Оваа награда во Македонија е организирана од страна на Центар за современи уметности – Скопје уште од 2002 година, а во 2015-та како партнер

организација се вклучува и организацијата ФРУ – Факултет за работи што не се учат од Битола/ Скопје која е организатор на настанот. Оваа награда е дел од интернационалната мрежа на награди насловена „Програма на награди за млади визуелни уметници“ во Централна и Југоисточна Европа. Оваа програма е основана во 1990 год. од Фондацијата за граѓанско општество заедно со претседателот на Чешка, Вацлав Хавел, и потоа се проширува со воспоставување на награди во уште 10 земји во регионот. Од 2016 година оваа програма е менаџирана од резиденцијалната програма Residency Unlimited, а наградата е два месеци престој во Њујорк.

## Панелисти и предавачи

**Јана Јакимовска**

**Ладислав Цветковски**

**Слободанка Стевчевска**

**Љуљзиме Лека Мулаку**

**Владо Караев**

**Џон Блеквуд**

**Бојан Иванов**

**Роберт Алаѓозовски**

**Еди Мука**

**Бранимир Јовановиќ**

**Наталја Алтхаузер**

**Бујар Лума**